

GENERAL

1. Greeks express interest in transferring Slavic minority to Yugoslavia:

has asked United States assistance in sounding out Yugoslavia on the possibility of transferring 50,000 "Macedonians" from northern Greece to Yugoslavia. He explained that these people assisted the Communists during the Greek Civil War and would be a serious problem in case of another war. They also form the basis for claims on the part of Yugoslav Macedonia to portions of Greek Macedonia.

## Дине Гогов

Дине К. Гогов (1888 - 1958) е македонски револуционер, член на Македонската револуционерна организација и емигрантски деец во Канада. Учествува во Илинденското востание и во Балканските војни.

Дине Гогов е роден во 1888 година во леринското село Баница, Егејскиот дел на Македонија. Тој бил привлечен во Македонската револуционерна организација од Ѕоле Стојчев Гергев, Тане Стојчев Кљанџев и Алеко Џорлев. За време на Илинденското востание во летото 1903 година, тој бил курир меѓу четите на Пандил Шишков и Мице Цицков.

По востанието, во 1905 година емигрирал во Америка, но се вратил во 1907 година, и повторно почнал да се занимава со револуционерна активност, станувајќи терорист во Организацијата под раководство на Ѕоле Стојчев.

По Младотурската револуција во 1908 година тој станал легален и во 1909 повторно емигрирал во Америка.

По избивањето на Балканската војна во 1912 година, со голема група Македонци преку Загреб и Белград дошол во Бугарија и се пријавил за доброволец во Македонско-одринското опoлчение. Српските власти одбиле да им дадат превоз и тие биле принудени да одат пеш од Белград до Цариброд. Во Саран Бег, Гогов оди во разузнавањето на една од опoлченските дружини. Учествувал во ослободувањето на Дедеагач и во битката кај Кешан, во која бил заробен Мехмед Јавер Паша.

Во Втората балканска војна во 1913 година влегува во Здружената партизанска чета на

МОО, под команда на Васил Чакаларов и Иван Попов. Учествувал во битката кај Ноти, каде што загинаа 150 Грци. Во Баница тој се разделил со Чекаларов, кој заминал кон југ до Костурско. Четата била предадена и додека се крие во мочуриштата кај Ајтос била разбиена.

Гогов бил заробен и затворен во Лерин, каде бил тепан со пресечената глава на Чакаларов. Потоа бил преместен во Солун, каде е држен на пароброд заедно со Никола Кузинчев, Васил Иванов и Андон Јуруков.

Два месеци подоцна, тие успеале да подмитат човек кој го информирал  рускиот конзул Александар Белаев и по неговата интервенција биле изведени пред лицето на правдата. Гогов бил осуден на смрт, но повторно по интервенцијата на рускиот и италијанскиот конзул, неговата казна била заменета со доживотен затвор. Тој лежел во Еди куле во Солун, потоа во Воениот затвор во Атина и Пиреја. Со застапувањето на рускиот конзул Калјарчев бил ослободен и со романски пароброд пристигнал во Цариград и оттаму со бугарски во Бургас. Се населил во Софија.

Наскоро емигрирал во Канада, каде што учествувал во јавниот живот на македонската емиграција.

Дине К. Гогов  починал во 1958 година во Торонто и бил погребан во гробишта Маунт Плезент.